Државната комисија за жалби по јавни набавки во состав: Маја Малахова – претседател, м-р Мишо Василевски– заменик претседател, Елита Шуки– член и Томо Томовски – член, врз основа на член 200 од Законот за јавните набавки, одлучувајќи по жалбата на жалителот – „ГИНЕКАЛИКС“ ДООЕЛ Скопје, наш број 08-600/1 од 20.09.2018 година, изјавена против тендерската документација изготвена по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка бр.45/2018 за набавка на стоки – инструменти за отворена хирургија на договорниот орган ЈЗУ Универзитетска Клиника за гинекологија и акушерство Скопје, врз основа на член 220 став (1) алинеја 1 и став (3) од Законот за јавните набавки (Службен весник на Република Македонија бр.27/2015 и бр.78/2015, бр.192/2015, бр.27/2016, бр.120/2016, бр.165/2017 и бр.83/2018), на 48-та Седница одржана на ден 03.10.2018 година го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**1. СЕ КОНСТАТИРА** повлекување на жалбата поднесена од жалителот „ГИНЕКАЛИКС“ ДООЕЛ Скопје, изјавена против тендерската документација изготвена по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка бр.45/2018 за набавка на стоки – инструменти за отворена хирургија на договорниот орган ЈЗУ Универзитетска Клиника за гинекологија и акушерство Скопје.

**2. СЕ ПРЕКИНУВА** постапката по предметот бр.08-600/1.

**3. Решението** на Државната комисија за жалби по јавни набавки **е конечно.**

## *О б р а з л о ж е н и е*

Државната комисија за жалби по јавни набавки постапувајќи по предметот бр.08-600/1 по однос на жалбата поднесена од жалителот – „ГИНЕКАЛИКС“ ДООЕЛ Скопје, констатира дека со поднесок бр.619 од 28.09.2018 година доставен од страна на жалителот, истата ја повлекува.

Имено, согласно со член 220 став 1, алинеја 1 од Законот за јавните набавки (Службен весник на Република Македонија бр.27/2015 и бр.78/2015, бр.192/2015, бр.27/2016, бр.120/2016, бр.165/2017 и бр.83/2018) во постапката за правна заштита, Државната комисија може да ја прекине постапката заради повлекување на жалбата од страна на жалителот.

Со оглед на изнесеното, Државната комисија за жалби по јавни набавки одлучи како во диспозитивот од ова решение.

**<u>Упатство за правно средство</u>**: Согласно член 230 од Законот за јавните набавки и член 20 од Законот за управните спорови, против ова решение незадоволната страна може да поднесе тужба до Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 од денот на приемот на решението.

Бр.08-600/6
03.10.2018 год.
С к о п ј е

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Маја Малахова**

Доставено до:
- Архива;
- „ГИНЕКАЛИКС“ ДООЕЛ Скопје, Ул.„Јордан Мијалков“ бр, 50 Скопје
- ЈЗУУ Клиника за гинекологија и акушерство Скопје, Ул.Водњанска бр.17 Скопје